... МАКЕДОНИЈА
... SË VERIUT
... ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
25-3370/1
22-10-2024 20
...-Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

До:
**Македонски центар за меѓународна соработка Скопје**
**Ул. Никола Парапунов 41А**
**Поштенски факс 55, 1060 Скопје**

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Државен секретар

ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282009
Факс. (02) 3282102
drzaven.sekretar@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

**Предмет:** Предлог-иницијатива на Македонски центар за меѓународна соработка Скопје, **одговор, доставува;**

Врз основа на барањето за доставување на одговор, во врска со Предлог-иницијативата на Македонскиот центар за меѓународна соработка Скопје, Ве информираме за следното: Домот на Армијата кој е во рамките на Министерството за одбрана, во континуитет организира драмски и филмски манифестации, концерти, културно-уметнички и други настани, за што се води и годишен календар на активности, согласно Правилникот за користење на неговите капацитети.

Министерството за одбрана честопати излегува во пресрет на голем број граѓански, хуманитарни, невладини здруженија за организација на нивни настани, без паричен надомест, за што истите се посебно благодарни на нашата институција.

Дополнително, вработените во Министерството за одрана и Армијата во континуитет ги користат капацитетите на Домот, за организација и реализација на работилници, конференции, панел дискусии, презентации, како од домашен така и од меѓународен карактер. Исто така, и голем дел од органите на државната управа ги користат капацитетите за истата намена.

Со оглед на фактот дека станува збор за објект кој се наоѓа во центарот на градот, информираме дека во идниот период се планира и негова санација и реконструкција, со што ќе се врати комплетната функционалност на Домот на Армијата.

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

Согласно горенаведеното, информираме дека Министерството за одбрана не е во можност позитивно да одговори на Предлог-иницијативата на Македонски центар за меѓународна соработка Скопје.

Одговорот го доставуваме за ваше информирање.

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Државен секретар

ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282009
Факс. (02) 3282102
drzaven.sekretar@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

Изработил: Ирина Кондарко
Одобрил: Влатко Рафески

Државен секретар
Елизабета Чуповска Ристовска

Копија доставена и до:
- Влада на РСМ-Генерален Секретаријат (одделение за соработка со невладини организации)
- СУТВПОиО